ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Се асфалтираат оштетените улици од невремето во населба Први Реон
- Ќе се гради стариот пат за село Ѕвегор и крак од улици во населбата Ѕвегорска Река
- Ќе се подготвува техничка документација за изградба на кружни текови во Делчево
- Општина Делчево повторно во општини со највисока отвореност

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 41 НОЕМВРИ 2023

## Се асфалтираат оштетените улици од невремето во населба Први Реон



### Ќе се гради стариот пат за село Ѕвегор и крак од улици во населбата Ѕвегорска Река



### Ќе се подготвува техничка документација за изградба на кружни текови во Делчево



### Општина Делчево повторно во општини со највисока отвореност




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево: Усвоен Ребалансот на Буџетот за 2023

Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево го одржа продолжението на 28 Седница на која беше усвоен Ребалансот на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, извршено е зголемување на Буџетот за 33.823.422 денари и вкупниот буџет ќе изнесува 352.121.715 денари. Вкупните приходи во Основниот буџет се зголемени за 24.751.582 денари или 24% и изнесуваат 126.845.582 денари. Зголемувањето на Буџетот произлегува од зголемување на даноците на специфични услуги, односно комуналиите, приходите од ДДВ и трансферите од другите нивоа на власт.

**Во Буџетот на самофинансирачки активности** има незначително зголемување за 34.000 ден. и изнесува 12.824.000 ден. Во Буџетот на дотации зголемувањето е за 6.704.160 ден. и изнесува 206.079.740 ден. кај Буџетот на донации има зголемување за 2.333.680 ден. и изнесува 6.372.393 ден. **Билансот на расходите** изнесува 352.121.715 денари. Билансот на расходите во Основниот буџет се зголемува за 33.823.422 денари, исто, како и во билансот на приходи и изнесува 126.845.582 денари.

Во расходниот дел има зголемување во делот на платите и надоместоци од плати, во износ од 3.764.100. Во делот на стоки и услуги износот се зголемува за 2.255.213 денари. Исто така, има поголемо зголемување на каматите за 687.000 ден, како и зголемување во група 47 (новороденчиња и еднократна помош за 50.000 денари. Во капиталните расходи има зголемување за 17.891.269 ден.

Совет на Општина Делчево

# Советот ја одржа 29 Седница. Новата детска градинка е дел од Програмата за развој за 2024



Советот на 29 Седница го усвои Планот на Програмата за развој на Општина Делчево за 2024 година во кој изградбата на детската градинка во населбата Расадник е капитален и развоен проект. Учеството на Општина Делчево во реализацијата на проектот изнесува 12.225.926 ден., МТСП инвестира 48.059.641 ден, а вкупната вредност на изградбата на детската градинка 60.285.567 ден. Одобрениот план на програмите за развој ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година.

**Советниците го усвоија Кварталниот извештај за третиот квартал.** Извршувањето на приходите во Буџетот на Општина Делчево за третиот квартал, односно за периодот до 30.09.2023 година изнесува 74,72%, односно од вкупно планираните 318.298.293 денари реализирани се 237.832.435 денари. Процентот на реализација на тековно-оперативните приходи е 75,40%, додека на капиталните приходи е 44%. Приходите во Основниот буџет се планирани во износ од 102,094,000 денари, а релизирани се 79,7%, односно 81.392.494 денари. Во буџетот на наменска дотација од планирани 199.375.580 денари приходи, реализирани се 145.844.753 денари, односно 73,15%. Во Буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 42%, додека кај Буџетот на донации изнесува 129%. Од анализата на тековно- оперативниот биланс се гледа дека најголема е реализацијата кај група **71-даночни приходи од 83%,** односно од планирани 47.468.000 реализирани се 39.384.552 денари. Најголема е реализацијата кај данок од доход, од добивка и од капитални добивни и кај даноците на специфични услуги. Наплатата на даноците на имот заклучно со третиот квартал е 40%, додека на даноците на специфични услуга тој процент е 126 и се должи на зголемените приливи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште.

**На Седницата се донесоа три одлуки со кои се утврдува потребата од определување заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациските бунари на локација во с.Тработивиште и на локација во Делчево, како и на браната Лошана.** Границите на заштитните зони за водни тела наменети за консумирање од страна на човекот ги определува Владата на РСМ на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Со одлуките се задолжува ЕЛС Делчево да достави **елаборати** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот на трите локации.

# Совет на Општина Делчево

Советниците донесоа Одлука за формирање нов Совет за социјална заштита за остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита. Советот за социјална заштита на Општина Делчево се формира во следниот состав:

- ***Сузана Петровска***, претставник на Општина Делчево,
- ***Марија Аџиска***, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево,
- ***Кристина Аралампиевска***, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево,
- ***Спец. д-р Љупка Калаџиска***, претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево,
- ***Влатко Митев***, претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- ***Сања Костадиновска*** претставник на Центар за вработување Делчево,
- ***Весна Димитровска***, претставник на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево,
- ***Маријана Стоименовска***, претставник на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево,
- ***Верица Боинска***, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево,
- ***Билјана Ѓеоргиевска***, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- ***Александар Николов***, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“ Делчево,
- ***Санела Момчилов***, претставник на НВО КХАМ Делчево,
- ***Бети Толевска***, претставник на Организација ЖЕНА Делчево,
- **Презвитер Милан Ничевски**, претставник на Делчевско – каменичка епархија
- **Оџа *Сефадин Селимовски***, претставник на Исламска верска заедница џамија „Фатих Мехмед II“ Делчево.

Советот за социјална заштита на Општина Делчево има надлежности да изготвува социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ; предлага локални мерки и активности за социјална заштита. Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години.

Советниците ја усвоија Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година;

Исто така, на Седницата беше усвоен и Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023, а беше донесена и Одлуката за задолжување на претпријатието кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари, како и Измена на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година.

Актуелности

# Се врши тестирање на опремата во пречистителната станица за вода за пиење



По успешното поврзување на новата филтер-станица за вода за пиење лоцирана во с. Трaботивиште со водоснабдителниот систем кон Делчево, започна процесот на тестирање на вградената современа опрема во новата филтер-станица. Тестирањето се врши со цел да се утврди исправноста и функционалноста на опремата пред нејзиното вклучување во употреба.  Во исто време е извршено и приклучување на новата водомерна шахта со која ќе се мери протокот на вода кој влегува од новата филтер-станица во системот за водоснабдување кон Делчево.

Исто така, екипи на ЈКП „Брегалница“ го санираа и испусниот вентил на цевководот  од с. Трaботивиште кон Делчево кај месноста Умин Дол.

Изградбата на пречистителната станица за вода за пиење во Делчево е во рамките на големиот проект за Подобрување на водоснабдувањето во Делчево, вреден околу 9 милиони швајцарски франци и финансиски поддржан од Швајцарската Конфедерација, МЖСПП и Општина Делчево.





# Ќе се гради стариот пат за село Ѕвегор и крак од улици во населбата Ѕвегорска Река



Актуелности

Во рамките на Програмата за финансирање проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2023 и 2024 година на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, во Општина Делчево ќе се изгради стариот пат кон селото Ѕвегор кој поминува низ населбата Ѕвегорска Река, заедно со три краци од патот во населбата.

Градоначалникот Горан Трајковски го потпиша Договорот за реализација на овој проект финансиски поддржан од Министерството за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој во вредност од 5 милиони денари, додека Општина Делчево учествува со 10% од вредноста.

Стариот пат кон село Ѕвегор е локален пат кој го поврзува селото Ѕвегор со градот Делчево и е од посебно значење за секојдневната сообраќајна комуникација на населението. Моменталната состојба на патот е горен строј со тампон со голем број ударни дупки и денивелација и за таа цел има потреба од предвидената реконструкција. Вкупната должина на предметната делница е околу 550 метри од кои 160 метри се однесува на трите краци од патот во населбата Ѕвегорска Река.

Градоначалникот Трајковски посочи дека со реализацијата на овој проект се решава круцијално прашање со патната инфраструктура  на дел од населбата Ѕвегроска Река, а изградбата на стариот пат кон селото Ѕвегор ќе ја подобри комуникацијата на жителите со селото Ѕвегор.

Актуелности

# Се реконструира ул „Острец“



Започна реконструкција на ул „Острец“ која е главна сообраќајница во населбата Трети Реон. Реконструкцијата ќе се одвива по целата должина на улицата од 600 м., а опфаќа гребење на стариот асфалт и поставување нов асфалт со што жителите од населбата ќе добијат современа сообраќајница со подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, но и ќе овозможи соодветен пристап на противпожарни и амбулантски возила со што се одговара на приоритетите на жителите од населбата, но и на сите граѓани.

Вкупната вредност со ДДВ на овој проект е 3.169.333 ден. Од нив, МТВ преку Стратегијата и Декадата на Ромите инвестира 931.973 ден, а Општина Делчево 2.237.360 ден.

Реконструкцијата на улицата е финална фаза од градежните работи кои се изведуваа во оваа населба. Претходно на ул „Острец“се реконструираше и критичната кривина на улицата која денес е со проширен коловоз, тротоари, потпорен ѕид, изградена е атмосферска канализација, а овој дел од улицата има и соодветно сообраќајно обележување. Исто така, претходно на овој реон од Делчево беше извршена и реконструкција на водоводната мрежа и замена на старата мрежа со пвц-инсталации во должина од 400 м.

# Се рехабилитира пристапен пат за с. Илиово



Интензивно се работи на рехабилитација на земјениот пристапен пат до општинскиот пат Л-10 во с. Илиово кој води до куќата на семејството Спасевски во Марковско Маало. Рехабилитацијата се врши во предвидена должина од 4 км, а опфаќа проширување на планинскиот пат, порамнување и поставување тампон на критичните места од патот.

Оваа интервенција треба да ја подобри сообраќајната комуникација до Марковско Маало и да овозможи соодветни услови за превоз на учениците, како и на жителите кои гравитираат на овој дел од селото.

Градоначалникот Трајковски кој направи увид во работите, истакна дека Општината ги презема сите потребни мерки и активности за да овозможи соодветна сообраќајна поврзаност и на најоддалечените и критичните терени во Општината.

-Разговаравме и со семејството и очекувам дека со оваа интервенција на патот ќе ги отстраниме физичките препреки кои се посочени како причина за редовноста на учениците на настава. Во соработка со ООУ „Ванчо Прке“ и во консултации со семејството и претходно баравме алтернативи за решавање на проблемот, но не дадоа резултати. Сега инвестираме во рехабилитацијата на еден од најоддалечените пристапни патишта во општината кој води низ планински терен и до една куќа, а е во должина од 4 км. Учениците мора да присуствуваат на настава, а родителите мора да разберат дека тие имаат и законска и родителска обврска да овозможат нивните деца да посетуваат редовно настава, нагласи Трајковски.

Градежните работи ги изведува ЕУРО-БЕТОН од с. Град.

Актуелности

# Ќе се подготвува техничка документација за изградба на кружни текови во Делчево

Актуелности



Во рамките на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2“, финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка СИДА и Бирото за регионален развој, со поддршка на УНДП, а во рамки на добиениот грант за аплицираниот проект „Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во градот Делчево“, ќе се изработува техничка документација за изградба на три кружни крстосници во Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски на настан организиран од УНДП- Програма за развој на Обединетите нации и во присуство на раководителот на СИДА, Микаел Атерхог, министерот за локална самоуправа, Ристо Пенов, директорот на Бирото за регионален развој, Рамиз Реџепи, како и градоначалници од 10 општини и директори на центри за плански развој, го потпиша Договорот за финансирање техничка документација, при што нагласи дека оваа техничка документација ќе овозможи услови за изградба на предвидените крстосници кои се во насока на подобрување на безбедноста во сообраќајот.

– Потребата од изградба на кружни крстосници на транзитниот булевар „Македонија“ кој поминува низ фреквентен дел од градот, е голема и претставува единствено решение за намалување на ризиците во сообраќајот. Со поддршка на донаторите, а почитувајќи ги сите стратешки документи на Општина Делчево, како и мерките предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за безбедност на патишта, ќе изработиме техничка документација за изградба на три кружни текови на булеварот и тоа на три критични крстосници, каде често се случуваат и сообраќајни незгоди, нагласи Трајковски.

Првата кружна крстосница ќе се проектира на крстосницата помеѓу ул. „Индустриска“, ул.„Македонска“ и булевар „Македонија“ лоцирана помеѓу индустриска и станбена зона; втората крстосница е помеѓу ул.„Методи Митевски Брицо“ и булевар „Македонија“ на која се регулира сообраќајот со семафори и хоризонтална и вертикална сигнализација; третата крстосница е помеѓу ул. „Скопска“, ул.„Методи Митевски Брицо“ и Булевар „Македонија“ и се наоѓа во станбена зона во која е лоциран и Здравствениот дом Делчево.

Вкупната вредност на проектот е 1.995.480 ден, а Општина Делчево има сопствено учество во вкупната сума од 20%.

# Ќе се набавува нова машина за метење на улиците

Актуелности



Во рамките на Програмата за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој која ја реализира Бирото за регионален развој, Делчево ќе набави машина за метење улици. Градоначалникот Трајковски и директорот на Бирото за регионален развој, Рамиз Реџепи, денеска го потпишаа Договорот за реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување јавен простор“. Вредноста на Договорот кој ја предвиднува финансиската поддршка од Бирото изнесува 2.4 милиони денари, а Општина Делчево има финансиско учество од 10% од вредноста.

Градоначалникот Трајковски нагласи дека со набавката на нова машина за метење улици значително ќе се влијае за подобрување на чистотата на улиците.

-Со набавката на оваа машина, во ЈКП „Брегалница“ ќе бидат во функција две вакви машини за метење на улиците. Очекувам дека со набавката и ставањето во функција на новата машина, значително ќе се подобри чистотата на улиците, ќе се зголеми опсегот на површините кои досега се одржуваат и се метат, а ЈКП ќе може поекспедитивно да ги испорачува услугите кон граѓаните, рече Трајковски.

Актуелности

# Се асфалтираа оштетените улици во населба Први Реон



Заврши асфалтирањето на оштетените улици во населбата Први Реон. Нов асфалт добија улици во населбата Први Реон со вкупна должина од околу 900 метри. Со оваа интервенција се реши горлив проблем за жителите од оваа населба, бидејќи улиците беа во многу лоша состјба и не беа реконструирани од нивната изградба, а невремето проследено со поплави, дополнително ја оштети патната инфраструктура во населбата.
Со оваа реконструкција беа опфатени улиците „Голачка“, „Иво Лола Рибар“ и ул. „Јане Сандански“, како дел од патната инфраструктура предвидена за реконструкција и санација на патната инфраструктура оштетена од невремето во Делчево.
Работите ги изведува ЈП за одржување магистрални и регионални патишта со финансиска поддршка од Владата и согласно со Одлуката на Владата за санација на штетите од невремето во Делчево. Претходно беше санирана улицата „Царевоселска“, а согласно со Одлуката на Владата веќе се работи и на санација на: крак на бул. „Македонија“, булевар „Македонија“ во должина од 420 метри, како и санација на мостот на ул „Индустриска“.



# Продолжува санацијата на оштетената инфраструктура од невремето

Актуелности



Се санира критичниот дел од улицата „Пере Тошев“ кој беше оштетен од невремето проследено со поплави што го зафати Делчево. Санацијата опфати гребење и поставување нов асфалтен слој на улицата која се спојува со булевар „Македонија“ , а се санираше површина од 111 м2. Со оваа интервенција се нормализира собраќајот на овој дел од улицата која поврзува дел од населбата Милково Брдо со индустрискиот дел од градот.
Средствата за санација на улицата се обезбедени од Буџетот на Општината и од донаторската сметка на Општина Делчево.
Во рамките на овој инфраструктурен пакет, ќе се санираат и оштетените коловози на улиците „Браќа Миладинови“ со опфатена површина од 341 м2 и улицата пред Здравствениот дом со површина од 434м2.
Работите ги изведува економскиот оператор ОСД КИРИЛ од Скопје.





Актуелности

# Поставени контејнери за електричен и електронски отпад




На 6 локации во Делчево се поставени нови садови за собирање елетричен и електронски отпад и стакло. Со оваа активност им се овозможува на граѓаните на Општина Делчево да го селектираат отпадот од домаќинствата и од деловните објекти и на тој начин да придонесат за зачувување на чиста и здрава животна средина.
Садовите за електричен и електронски отпад се специфицирани за собирање помал електронски и електричен отпад, како мобилни телефони, мали апарати за домоќинство, фенови, пегли, миксери, далечински управувачи, фотоапарати, акумулатори, кабли и сл.
Контејнерите се поставени на локации: во населбата Милково Брдо кај паркингот на ул „Питу Гули“, во населба Ново Делчево кај паркингот зад новата црква, наспроти ООУ „Ванчо Прке“, локација на старо пазариште, кај делчевската гимназија и кај Спомен-дом АСНОМ. Исто така, денеска се поставени уште 5 нови игло-контејнери за селекција на стакло со што досега во Делчево се поставени вкупно 10 контејнери за стакло.
Контејнерите се обезбедени во соработка со фирмата НУЛА ОТПАД ДОО Скопје која има обврска да го презема отпадот од садовите и да управуваат со него.
Целта на оваа активност е зголемување на свеста на населението за селектриање на отпадот, како и поголема грижа за природата, да се намали загадувањето и секој да со свој личен пример да даде придонес за сочувување на животната средина и здравјето на населението.

# Промовирани резултатите од Програмата РОМАКТЕД 2 во с. Тработивиште

Актуелности



Училиштето во с. Тработивиште доби три реконструирани училници, санитарни чворови и тоалет за лица со попреченост, но и нова пвц-влезна врата, нови училишни клупи, столчиња, шкафчиња и магнетна табла. Ова е резултат на инфраструктурниот проект реализиран во рамките на Програмата РОМАКТЕД 2, заедничка иницијатива во Западен Балкан и Турција „Промовирање на доброто управување и зајакнување на Ромите на локално ниво“ со финансиска поддршка од Советот на Европа и ЕУ.

Увид во реконструираниот дел од училиштето направи градоначалникот Горан Трајковски заедно со претставникот од Владата на РСМ, Елвис Мемети, претставничката од Советот на Европа, Ѓултен Мустафова, претставници од Институтот „Ромалитико“, а по повод ставањето во функција на реновираниот дел од училиштето, учениците од ПОУ „Св.Климент Охридски“ подготвија пригодна програма.

Градоначалникот Трајковски кој се обрати пред присутните изрази благодарност на донаторите што ја препознаа потребата на жителите на с. Тработивиште и помогнаа да се реализира капитален проект за училиштето.

– Инвестицијата во образованието е инвестиција во иднината, и ако во овој случај, ова го комбинираме со основните пораки и цели на Програмата РОМАКТЕД, тогаш сме оствариле голема цел и сме докажале дека заедницата и Општината се партнери во креирањето подобра иднина. Нашата цел е интеграција на ромското население и зајакнување на заедницата, а образованието е темелот за остварување на нашите цели и затоа е ова значајна инвестиција во Делчево. Затоа, ми претставува посебна чест и задоволство што денес имаме убав повод да бидеме присутни во ова училиште и официјално да ги ставаме во употреба реновираните училници во ПУ „Св.Климент Охридски“ во с. Тработивиште и да зборуваме за нови стандарди и подобрени услови за работа во подрачните училишта, посочи Трајковски.

Со оваа инвестиција вредна околу 1 милион денари, значително се подобрија условите за настава на вкупно 33 ученици во деветолетката во с. Тработивиште од кои 16 ученици се Роми, а во ова Подрачно училиште се изучува и ромскиот јазик и култура, посочи директорот на училиштето Горан Димитровски и додаде дека е подготвена проектна документација за продолжување на реконструкцијата на старата училишна зграда за што ќе се бараат дополнителни извори за финансирање.

Актуелности

# Салата АСНОМ добива нов лик



Салата во спомен-домот АСНОМ доби подно затолување, а во тек е инсталацијата на парното греење и електричната инсталација во салата. Овие зафати се дел од проектот „Реконструкција и санација на малата сала, влезот и влезниот хол во спомен-домот АСНОМ, вреден 9,6 милиони денари, а финансиската поддршка е од Министерството за култура во рамките на Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областите на културата за 2023 година и дел од Општина Делчево.

Реконструкцијата на предвидените позиции се одвива со задоволително темпо, а досега е поставена акустичната инсталација, завршени се ѕидарските работи и изградени три помошни простории, поставена е нова надворешна алуминиумска столарија, а во моментов се подготвуваат сцената и тоалетите.

Согласно со проектот, се очекува деновиве да започне и изградбата на пристапната рампа за лица со посебни потреби со што за прв пат ќе се овозможи соодветен пристап на овие лица во салата, а претходно со средства од Општина Делчево е извршена санација на кровот на спомен-домот АСНОМ.

Сите овие интервенции се во насока на обезбедување современи услови во салата АСНОМ кои ги бара културата во 21 век што директно ќе влијае и на збогатување на понудата за љубителите на уметноста и враќање на културните настани на сцената во салата АСНОМ кое важеше за култно место за културата во Делчево.

Во малата сала се одржуваа сите свечености и културни настани во Делчево, но таа максимално се користи и за подготовка и проби на секциите при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" и Фолклорната група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров", Пејачката група „Ѓурѓа", КУД „Гоце Делчев" Делчево, како и за проби и настапи на ФГ „Копачка" од с. Драмче и други здруженија кои работат во областа на културата.

Вкупната вредност на работите е 10.587.845 ден, од нив преку Програмата за користење капитални дотации до единиците на локалната самоуправа од областа на културата за 2023 г. преку Министерството за култура се обезбедени средства во висина од 9.623.369,00 денари. Општина Делчево учествува со парични средства во износ од 817.353,00 денари обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Градежните работи ги изведува ПАНЕЛ-М Мехаз ДООЕЛ Тетово. Работите треба да завршат до крајот на ноември оваа година.

# Втора форумска сесија за креирање на Буџетот за 2024



Во Делчево се одржа втората форумска сесија за креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024 год, на која активно учествуваа претставници од месните и урбаните заедници, од граѓанскиот сектор и институции. На сесијата главни теми за работа беа областите образование, социјална заштита, култура и граѓански сектор. Освен презентации на програмите на Општина Делчево во овие области, учесниците на форумот работеа и на определување приоритети, а беше презентирана и прелеминарната листа на приоритетни проекти одбрани на првата форумска сесија.

Целта на организацијата на форумот е одредување на приоритетните проекти за реализација за наредната година детектирани од граѓаните, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети ќе ги предвиди за реализација.

Форумите се во организација на Регионалниот центар за застапување и Општина Делчево, а планирани се три форумски сесии.



Актуелности

Актуелности

# Општина Делчево е со високо ниво на отвореност




Општина Делчево е во првите 8 општини во државава со задоволително ниво на отвореност на општините и со индексни поени од 70.6. Ова го покажува анализата на Здружението за истражувања и анализи (ЗМАИ) кое веќе трета година ја мери транспарентноста, отчетноста, вклученоста и правичноста на општинските буџети преку Индексот за отворени општини (ИОО).

Во групата општини со задоволително ниво отвореност спаѓаат општините: Битола – 77.8, Валандово – 75.1, Крива Паланка – 75.0, Делчево – 70.6, Центар – 66.2, Струмица – 65.6, Богданци – 65.6 и Берово – 61.7.

Покрај, осумте општини кои имаат задоволително ниво на отвореност, 13 локални единици имаат доволна отвореност на буџетскиот процес (вредност на ИОО меѓу 41 и 60), а најголем број од општините, вкупно 49, имаат минимална отвореност на буџетскиот процес (вредност на ИОО меѓу 21 и 40). Недоволно ниво на отвореност имаат дури 11 општини. Сето ова посочува дека најголемиот дел од општините имаат минимална отвореност на општинските буџети кон граѓаните во 2022, се вели во истражувањето на ЗМАИ.

Резултатите покажуваат дека просечната вредност на ИОО за 2022 година е 35,2, односно отвореноста на општинските процеси е на минимално ниво. Од друга страна, поставените стандарди за отвореност покажуваат дека општината мора да има индекс од барем 61 за да има задоволително ниво на отвореност.

Општина Делчево е и единствена општина оценета со индексен поен кој покажува сеопфатна вклученост и праведност во областа каде се цени вклучувањето, како и колку граѓаните, особено маргинализираните групи, се вклучени во буџетскиот процес, т.е. ако се во можност да го изразат своето мислење за локалниот буџет и дали се зема предвид нивниот глас. Еднаквоста испитува како се застапени маргинализираните групи во различните фази на буџетскиот процес.

Инаку, акцентот на процесите на локалниот буџет во анализата е претставен преку три области:

1.Транспарентност
2. Вклучување и правичност
3.Отчетност

Резултатите и од оваа анализа покажуваат дека Општина Делчево е на вистинскиот пат за постигнување на целта- отчетно и транспарентно работење во служба на граѓаните. Согласно анализираните параметри во Извештајот, како приоритет во наредниот период остануваат заложбите за постигнување високо, односно сепофатно ниво на отвореност.

# Општина Делчево со максимални индексни поени за буџетска транспарентност




Општина Делчево за фискалната 2022/23 година е оценета со максимални индексни поени 16 што е подобрување за 2 поени од претходната година. Овие податоци се дел од анализата на ЦЕА која неколку години по ред го мери Индексот на достапност на буџетските документи кај ЕЛС.

Бројот на најтранспарентни општини со максимален број на индексни поени е поголем од минатиот период, и ги вклучува следните единици на локална самоуправа: Аеродром, Центар, Радовиш, Берово, Делчево, Кочани, Кичево и Центар Жупа. 29 ЦЕА ја следи буџетската транспарентност на сите ЕЛС во РСМ повеќе години назад и редовно го подготвува.

Кај групата на најтранспарентни општини (16 ЕЛС со индексни поени од 15 до 16) за 2022/2023, исто така, се бележи општо унапредување на фискалната транспарентност споредено со претходната година. Имено, прагот на најтранспарентните општини оваа година е зголемен за речиси 1 индексен поен. Просечниот индекс на најтранспарентни општини за фискалната 2021-2022 година изнесуваше 14,7, додека за фискалната 2022-2023 истиот изнесува 15,5.

Во најтранспарентни општини се вбројуваат и 10 од партнер- општините на проектот на УСАИД кои се поддржани во втората група и тоа: Битола, Прилеп, Новаци, Град Скопје, Радовиш, Крива Паланка, Брвеница, Берово, Делчево и Кочани. Општините Новаци и Радовиш бележат најголем скок во унапредувањето во рамки на групата најтранспарентни општини, чијшто индекс се зголемил за по 5 индексни поени.

Даночната транспарентност на Општина Делчево е оценета со средно ниво или 58%, а во споредба со минатата година има подобрување за 13%.

Актуелности

Актуелности

# Тактично-показна вежба на ТППЕ во ООУ „Ванчо Прке“




Во ООУ „Ванчо Прке“ се одржа тактичко-показна вежба на ТППЕ Делчево исценирана со симулација на пожар во спортската сала и евакуација на повредени лица од зградата на училиштето.

По дојавата за пожар во основното училиште, ТППЕ Делчево реагираше со 13 пожарникари, со три противпожарни возила и со професионална скала за противпожарни интервенции на високи објекти, при што беше изгаснат пожарот, евакуирани децата и вработените во училиштето, а беше извлечено и повредено лице од објектот. Во акцијата учествуваа и волонтерите од ОО на Црвениот крст Делчево.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата.





Актуелности

# Започна реализацијата на кампањата „Се движиме безбедно“




Со предавање на теми за унапредување на безбедноста на пешаците со посебен акцент на децата, започна реализацијата на годинешната Кампања „Се движиме безбедно“ на подрачјето на Општина Делчево. Целта на денешните активности е запознавање со правилата и прописите за одговорно учество во сообраќајот на децата како пешаци, важни за нивната возраст, како што е: поминување на пешачки премин, поминување на улица, каде нема обележан пешачки премин, а беше реализирано и нагледно предавање на улица, каде беа разработувани практични примери.

Активностите се во организација на Општина Делчево и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а во соработка со Основните училишта „Ванчо Прке“, „Св.Климент Охридски“, СОУ „Методи Митевски- Брицо“, Детската градинка „Весели Цветови“, Дневниот центар за лица со посебни потреби, Полициската станица од општа надлежност Делчево, Регионалниот центар за гранични работи – Исток и други заинтересирани лица.

Кампањата „Се движиме безбедно“ е дел од превентивните активности предвидени во Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево и Акцискиот план на Стратегијата за безбедност на патиштата Делчево, а има за цел да ја унапреди безбедноста на пешаците со акцент на децата како пешаци во сообраќајот.

Безбедноста на децата во сообраќајот е дефинирана како највисок приоритет на локално и нацонално ниво имајќи го предвид фактот дека тие припаѓаат во групата ранливи учесници во сообраќајот за кои е потребно да бидат унапредени условите за нивно безбедно движење по улиците и патиштата, но и да се зголемат нивните знаења за сообраќајната инфраструктура, сообраќајната сигнализација и правилата и прописите преку кои би се самозаштитиле како учесници во сообраќајот.

Согласно Анализата на податоците за сообраќајни незгоди на подрачјето на Општина Делчево кои се случиле во периодот 2020-2021 година работена за потребите на Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево 2023-2027, е евидентно дека скоро половина од вкупниот број лица здобиени со лесна телесна повреда се деца и млади од 15 до 24 години, односно 47,3% што е доволен показател за преземање мерки и активности преку кои би се унапредила нивната безбедност во сообраќајот.

Кампањата опфаќа повеќе активности кои имаат за цел преку едукација и контрола да се влијае на подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот.

# Трибина „Зошто жените молчат за семејното насилство“



По повод меѓународната кампања „16 дена активизам во борба против насилство врз жени и девојки“, Организацијата ЖЕНА и КЕМ при Општина Делчево организираше трибина на тема „Зошто жените молчат за семејното насилство“. Трибината е во рамките на „Облечи розово-облечи самодоверба“ финансиски поддржан од Амбасадата на Република Франција.

На настанот учествуваа претставници од Општина Делчево, ЈУ Центар за социјални работи Делчево, ОВР Делчево, адвокатката за бесплатна правна помош, Софија Миленковска, како и други стручни лица кои работат на проектот за бесплатна правна помош.

– Сакаме да дадеме значителен придонес кон актуелизирање на прашањето, зошто жените молчат и зошто жените не го пријавуваат насилството кај релевантните институции, конкретно во Центарот за социјални работи и Министерството за внатрешни работи, истакна Анита Цоневска, претседател на Организацијата „Жена”.

Во 2023 година, во Делчево пријавени се 5 случаи на семејно насилство, додека во 2022 година таа бројка изнесувала 7 пријавени случаи. Од сите пријавени случаи од 2020 до 2023 година, во 99 проценти од пријавените случаи на семејно насилство жртвите се жени, без притоа да има пријавено семејно насилство врз деца.

Едно од решенијата за справување со семејно насилство, како што посочи адвокатот Софија Миленковска која е дел од проектот за „Бесплатна правна помош” е изградбата на Советувалиште за жртви од семејно насилство.

-Ако имаме едно советувалиште, сметам дека во соработка со невладиниот сектор, тоа советувалиште ќе претставува еден вид медијатор помеѓу институциите и жртвите. Познато е дека жртвите не се осмелуваат да пријават од повеќе причини, а со постоењето на тоа советувалиште, таа мултисекторска соработка ќе биде поизразена, рече Миленковска.

По повод глобалната кампања „16 дена активизам за борба против семејно насилство“, Општина Делчево и заедничка Програма на ЕУ и Совет на Европа РОМАКТЕД Фаза 2 во соработка со Министерство за труд и социјална политика и образовните институции ќе организираат работилница за родово базирано насилство, врсничко насилство и сајбер- насилство.

Актуелности

## Отпочна процесот на социјално мапирање

Актуелности



Во Делчево се одржаа средби со претставници на засегнатите ранливи категории граѓани и членовите на Советот за социјална заштита проширен со претставници на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. На овие средби граѓаните и претставниците на институциите имаа можност да разговараат и со д-р Јован Ананиев, претставник на Центарот за европска граѓанска иницијатива, организација која е партнер за спроведување на социјалното мапирање.

Средбите се организираат со цел посеопфатно и подлабинско утврдување на потребите на одделните категории граѓани, како и да се добијат препораки кои произлегуваат од институциите и граѓаните кои припаѓаат на одделни засегнати категории и се во контекст на спроведување на социјалното мапирање.

Активноста е во рамките на регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво" кој го спроведува ЗЕЛС и Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС. Проектот се спроведува во соработка со ГИЗ Германско друштво за интернационална соработка во име на Сојузното Министерство за економска соработка и развој (БМЗ).

Социјалното мапирање, како активност е предвидена и во Акцискиот план на Општина Делчево и има за цел да ги утврди потребите на одделни категории на граѓани и предизвиците со кои се соочуваат, со цел да се дефинираат препораките, кои ќе бидат формулирани во мерки и активности, кои што ќе се преземат од страна на општината.

Актуелности

# Одржан форум „Ние сме сè уште тука за тебе“



Подигање на свеста за семејното насилство, охрабрување на жртвите да го пријавуваат насилството, зголемување на довербата во институциите се пораките кои ги испратија присутните на форумот „Ние сме сè уште тука за тебе “. Форумот беше во организација на НВО КХАМ со поддршка на Шведската фондација „Квина Тил Квина“, Коалицијата „Маргини“, а е продолжение на Кампањата „Тука сме за тебе“ која изминатиов период се работеше во Делчево, Пехчево и Берово со активно учество и на КЕМ на Општина Делчево, Здружението на пензионери и Дебатниот клуб на МОФ од Делчево.

-Организираната трибина е продолжение на кампањата што се работеше во општина Делчево заедно со општините Свети Николе и Штип, со цел да стане јасно дека не само невладините, туку сите овие услуги и можности треба да се дадат и им понуди на жените и девојчињата изложени на семејно насилство за да укаже дека сè уште сме тука за нив. Шетајќи низ државите и разговарајќи со жртвите на семејно насилство, дојдовме до сознание дека навистина треба да ги вложиме сите ресурси што ги имаме на располагање, за да им помогнеме на жртвите на семејно насилство, рече модераторот Огнен Јанески.

Во рамки на настанот „Ние сме сè уште тука за тебе“, се обрати и претседателот на Здружението на пензионери, д-р Виолета Арсова која посочи дека во Делчево во последно време сведоци сме и на насилство врз старите лица, а психологотт Дејан Глинџарски зборуваше за менталното здравје и психичките последици кај жртвите.

Координаторот на проектот, Бети Толевска, додаде дека сите оние на кои им е потребна каква било помош, без разлика дали е правна или психосоцијална поддршка, а се наоѓаат во некоја од маргинализираните групи, можат слободно да се обратат во нивната канцеларија, за да им објаснат како да стигнат до правдата или поконкретно до психосоцијална поддршка.

# За прв пат во Делчево се одржа натпревар по краснопис

Култура



Седумдесет и девет ученици од двете основни училишта од Делчево на возраст од четврто до шесто одделение се натпреваруваа на првиот натпревар по краснопис кој беше во организација на ЈЛБ „Илинден“ . Од нив најдобри беа: Сандра Николовска која го освои првото место, Ели Китановска, второто место и Изабела Начовски третото, а сите учесници на натпреварот добија благодарници за учество.

Во време на дигитализација, користењето социјални мрежи, англинизмите и латиничното писмо, скратеници и употреба на бројки наместо букви го стави ракописното пишување во втор план и, како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, целта на натпреварот е учениците да сфатат дека треба да внимаваат при ракописното пишување и да се обидат да го преферираат краснописот.

–Од тие причини, организирање натпревар по краснопис имаше повеќе од оправдани причини. За среќа, во Македонија ракописното пишување е обврска на учениците кои уште во прво одделение учат да ги препознаваат буквите, но и да ги пишуваат. Но, честото седење пред компјутер, пишување со помош на тастатура, таблет и телефон, секако, дека оставаат последици и врз нашите ученици. Учениците не внимаваат на краснописот, на интерпукциските знаци, пишуваат споено, употребуваат скратеници и бројки, место букви. Од тие причини, организирање натпревар по краснопис има повеќе од оправдани причини, заклучи Петровска.

Учениците ги оценуваше Комисијата за избор во состав: Даниела Георгиевска-библиотекар во ЈЛБ„Илинден“, Валентина Даневска, наставник по македонски јазик и библиотекар во ООУ„Св.Климент Охридски“ и Габриела Димитровска-наставник по македонски јазик во ООУ „Ванчо Прке“.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**